АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Оперативен план за 2019 година за спроведување на**

**Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020**

Овој Оперативен план се носи врз основа на Заклучокот од 65-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24 април 2018 година. Имено, на оваа седница Владата ја усвои Информацијата за донесување на Национален акциски план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, со Национален акциски план за родова еднаквост 2018-2020 (нов текст), при што еден од заклучоците беше дека Оперативниот план за 2019 година треба да биде донесен до 20 декември 2018 година.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година, АВМУ изготвува годишни анализи за третманот на родовите прашања и перспективи во телевизиските програми на националните телевизии. Исто така, АВМУ еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Република Македонија за начинот на претставување и прикажување на жените и мажите, како и за родовите прашања во програмските концепти и содржини на радиодифузерите. Агенцијата е активен партнер во спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 од нејзиното донесување.

Согласно дефинираните стратешки цели, Агенцијата изготви Оперативен план за 2019 година за спроведување на активностите и надлежностите одредени во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

Во Оперативниот план се опфатени стратешките и специфичните стратешки цели, посакуваните резултати и индикаторите за нивно мерење, конкретните активности кои се во надлежност на АВМУ, соработниците при исполнувањето на обврските, временската рамка за нивно реализирање и изворите на финансирање за секоја активност одделно.

Активностите во надлежност на Агенцијата, кои се содржат во Оперативниот план се однесуваат на стратешката цел 3 - „Негување/Градење на култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол", како и на специфичните цели: „Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите", „Унапредена родовата димензија во рамки на политиките и програмите на јавниот радиодифузен сервис" и „ Зголемена свесност на општата јавност за постоењето на родовата дискриминација во медиумите". За исполнувањето на овие активности, АВМУ е определена како одговорна институција, а се јавува и како институција - соработничка во активности од специфичните стратешки цели: „Подигната јавна свест, изменета законска регулатива и зајакнати капацитети на професионалци кои работат со жени жртви на насилство и родово-базирано насилство" (одговорна институција МОН) и „Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите" (одговорна институција МРТ).

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Негување/Градење на култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол

| Специфична стратешка цел 3.1: Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Индикатор на ниво на резултат** | **Активности** | **Одговорна институција /соработници** | **Временска рамка** | **Извор на финансирање** |
| **3.3.1.1 Унапредени капацитетите на медиумските работници за родовите прашања и родово сензитивното известување** | - број на родово сензитивни содржини во медиумите,<br><br>-број на медиумски содржини со дискриминирачки говор и говор на омраза врз основа на род и пол | Организирање напредна обука за родово одговорно буџетирање за дел од вработените во Стручната служба на Агенцијата. | **Одговорни:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработници:** МТСП | Активноста беше предвидена за втората половина од 2018, но поради објективни причини – мониторинг на известувањето на медиумите за референдумот, а потоа и неможност да се утврди термин кој би бил прифатлив и за АВМУ и за МТСП – се помести за почетокот од 2019 година | Буџет на АВМУ |
| | | Организирање на обуки за медиумските работници за клучните концепти на родовата рамноправност и за родово сензитивно известување | **Одговорни:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработници:** МТСП | Втора половина на 2019 | Буџет на АВМУ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Организирање на јавни дебати со медиумските работници и други засегнати страни на теми поврзани со родовата еднаквост и родово сензитивното известување | **Одговорни:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост **Соработници:** ГО | Во текот на 2019 | Буџет на АВМУ |
| | | Спроведување на анализа на родот и родовите перспективи во телевизиските програми на национални телевизии | **Одговорни:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост | Втора половина од 2019 | Буџет на АВМУ |
| **3.3.1.2 Унапредена родовата димензија во рамки на политиките и програмите на јавниот радиодифузен сервис** | -број на родово сензитивни содржини во јавниот сервис на годишно ниво | Анализа на родот во медиумите (јавен сервис) | **Одговорни:** АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост | Втора половина од 2019 | Буџет на АВМУ |
| **3.3.1.3 Зголемена свесност на општата јавност за постоењето на родовата дискриминација во медиумите** | - број на претставки за родова дискриминација во медиумските содржини до АВМУ | Спроведување на промотивни активности од страна на надлежните тела кои постапуваат по претставки од граѓаните по основ на дискриминација | Одговорни: АВМУ- Сектор за програмски работи- Одделение за човекови права и медиумска писменост | Во текот на 2019 (доколку има случаи) | Буџет на АВМУ |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Забелешка**:

1. Агенцијата е наведена како институција - соработничка кај следниве активности:

- *Организирање континуирани работилници со новинари и медиумски работници за подобрување на начинот на известување на случаи на насилство врз жени и родово-базираното насилство.* во **Специфичната стратешка цел 2.2: Подигната јавна свест, изменета законска регулатива и зајакнати капацитети на професионалци кои работат со жени жртви на насилство и родово-базирано насилство (одговорна институција МОН).**

- *Организирање на континуирани обуки за членовите на програмскиот совет, директорите, уредниците на програмските сервиси, новинарите и други вработени на МРТ за клучните концепти на родовата рамноправност и за родово сензитивното известување* во **Стратешка цел 3: 3.1 Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите (одговорна институција МРТ).**

Доколку институциите кои според Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 се одговорни за нивно реализирање, предвидат активности за 2019 година, Агенцијата, на нивно барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

Бр. 03- 5463/1

20.12.2018 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ